Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 март 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за формирање на Национален совет за интегрирано гранично управување

### Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за интегрирано гранично управување (во натамошниот текст: Советот), заради координација и следење на активностите утврдени во Националната стратегија за интегрирано гранично управување (во натамошниот текст: Стратегијата), и Акцискиот план на Националната стратегија за интегрирано гранично управување (во понатамошниот текст: Акцискиот план), како и дефинирање на нови стратешки насоки и препораки поврзани со сегментот на интегрирано гранично управување.

### Член 2

Советот го сочинуваат 12 членови, и тоа:
- министерот за внатрешни работи,
- министерот за надворешни работи,
- министерот за животна средина и просторно планирање,
- министерот за транспорт и врски,
- министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- директорот на Царинската управа,
- директорот на Државниот инспекторат за земјоделство,
- директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат,
- директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност,
- директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство,
- директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства и
- Националниот координатор за интегрирано гранично управување.

Со Советот претседава министерот за внатрешни работи.

По потреба на седниците на Советот, зависно од прашањата што се предмет на разгледување, може да присуствуваат и претставници на други државни институции, на предлог на Советот.

### Член 3

Советот ги врши следните работи:
- систематски мониторинг и координација на имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план и разгледување на сите предизвици во областа на интегрираното гранично управување,
- предлага конкретни мерки за подобрување на имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план,